**Дизајнирање, спроведување и организирање програми за обука за професионалци вклучени во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст**

**Северна Македонија**

# УСЛОВИ ЗА АНГАЖМАН ЗА ЛОКАЛНИ ЕКСПЕРТИ

## Контекст

IBF International Consulting SA (IBF)- Белгија, Early Years Ltd- Обединетото Кралство и Europartner Consulting International ДООЕЛ (EPCI) - Република Северна Македонија потпишаа договор со Министерството за труд и социјална политика во рамки на Проектот за подобрување на социјалните услуги финансиран од Меѓународната банка за Реконструкција и развој - Светска банка за „Дизајнирање, спроведување и организирање програма за обука за професионалци вклучени во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст ".

Дизајнирањето, спроведувањето и организирањето на програми за обука за професионалци вклучени во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е подкомпонента на Проектот за подобрување на социјалните услуги.

Проектот за подобрување на социјалните услуги е финансиран од заем од Меѓународната банка за обнова и развој.

Република Северна Македонија доби заем од 28,7 милиони евра за спроведување на Проектот за подобрување на социјалните услуги кој треба да се реализира од октомври 2018 до јуни 2024 година. Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија го спроведува проектот.

## Цели на Проектот за подобрување на социјалните услуги

Проектот има за цел да го прошири пристапот до социјалните услуги, вклучително и грижата за децата и предучилишното образование и да го подобри квалитетот. Исто така, помага да се адресираат предизвиците поврзани со социјалното исклучување на ранливите групи и да се прилагодат социјалните услуги на потребите на граѓаните. Се очекува дека зајакнувањето на системот за социјална заштита ќе доведе до подобрување на достапноста

на социјалните услуги, не само за нивните сегашни корисници, туку и за ранливите групи чии потреби се најзначајни, како што се децата во ризик од сиромаштија, децата со попреченост и децата од ромското малцинство.

Проектот исто така ќе помогне да се инвестира во квалитетно рано образование и да се поддржат децата и нивните семејства во транзицијата кон основно образование.
На крајот, ППСУ ќе придонесе за реализација на клучните владини приоритети како што се намалувањето на сиромаштијата и подобрувањето на вработеноста и човечкиот капитал, бидејќи ќе го поттикне создавањето работни места во секторот на социјалните услуги [1].

Тоа ќе се постигне со планирање и имплементирање на 3-те компоненти:

КОМПОНЕНТА 1- Промовирање на социјалната вклученост преку подобрен пристап до социјалните бенефиции и услуги.
Целта на оваа компонента ќе биде да се зајакне целокупниот систем за спроведување на социјална заштита за подобрени услуги од постојните приматели на социјална помош и од ранливите групи.

КОМПОНЕНТА 2 - Проширување на пристапот и подобрување на квалитетот на предучилишните услуги
Оваа компонента ќе се фокусира на подобрување на пристапот до квалитетни услуги за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, особено за децата од социјално загрозени средини (сиромашни деца, деца со пречки во развојот и деца Роми).

КОМПОНЕНТА 3- Управување со проектот, мониторинг и евалуација
Оваа компонента ќе овозможи секојдневното управување со имплементацијата на проектот, следењето и евалуацијата на неговите цели и резултати

## Дизајнирање, спроведување и организирање програми за обука за професионалци вклучени во згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст

Оваа задача спаѓа во компонентата 2 од Проектот за подобрување на социјалните услуги, каде проширување на пристапот и подобрувањето на квалитетот на предучилишните услуги се однесува на една од целите на проектот: „Поддршка на згрижување и воспитание за децата од предучилишна возраст и нивните семејства и зајакнување на транзицијата во основно образование со фокус на инклузивно образование и учење“.

1 https://www.ssip.mk/about-the-project

Задачата ќе се фокусира на идентификување и обезбедување обука за зголемување на компетенциите на наставниците од предучилишно образование и раководниот кадар, а со тоа ќе придонесе за подобрување на квалитетот на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во Северна Македонија и, следствено, на развојот на детето. Ќе се дизајнира методологија за обука и модул.

Дизајнираниот модул треба да се заснова на следниве принципи: обуката треба да биде фокусирана (на содржината), да вклучува активно учење, да поддржува соработка за споделување идеи и да соработува во нивното учење, користи модели на ефективна пракса, обезбедува експертска поддршка, нуди повратни информации и размислувања; е со оддржливо времетраење.

Работата опфаќа развој на капацитетите за професионален развој, додека целните групи припаѓаат на јавниот сектор и работат во детска градинка односно во центар за ран детски развој.
Ќе се спроведе обука на 1.500 стручни лица за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и 70 директори на градинки.

Сесиите за обука ќе се изведуваат на англиски јазик од страна на клучниот експерт/лидер на тимот и на македонски јазик од страна на локалните експерти.

За поддршка на оваа задача од страна на IBF International Consulting SA (IBF) Белгија, Early Years Ltd Обединетото Кралство и Europartner Consulting International ДООЕЛ (EPCI) - Република Северна Македонија ќе бидат ангажирани локални експерти и асистенти за обука. Меѓународниот експерт лично ќе биде одговорен за менторство и обука на избраните локални експерти.

Системите и поврзаните процеси ќе гарантираат репрезентативност, вклученост и правичност и ќе се засноваат на добро дефинирани критериуми.

Локалните експерти ќе бидат ангажирани за период до 11 месеци, со просечен ангажман од приближно 8 дена месечно.

**Резиме на работата на локални експерти**

Локалните експерти ќе бидат одговорни за обезбедување на експертска поддршка за под-проектот *Дизајнирање, спроведување и организирање на програми за обука за професионалци вклучени во згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст*. Тие ќе обезбедат локална поддршка и експертиза и ќе соработуваат со меѓународни и

национални консултанти за да обезбедат обука, да имплементираат програми и да ги комуницираат проектните активности.

Ќе бидат ангажирани 6 локални експерти. Тие ќе добијат специјално приспособена програма за обука која ќе се заснова на анализи на нивните капацитети и анализи на потребите. Фокусот е на тоа како тие ќе ги обучуваат/помагаат градинките и центрите за ран детски развој за *Инклузија и средина за учење.* Меѓународниот експерт ќе ја обезбеди оваа програма за обука.

Различноста и репрезентативноста на локалните експерти ќе ја олеснат комуникацијата со различните учесници. Покрај потребата за задоволување на ефективна комуникација, при нивниот изборот ќе биде земена во предвид и регионалната застапеност. Сепак, соодветноста и квалификациите на кандидатите ќе бидат одлучувачки фактори.

Локалните експерти ќе се занимаваат со обезбедување локална поддршка и експертиза , ќе работат со меѓународен и национален консултант за поддршка на спроведувањето на Проценката на потребите за обука, ќе помагаат во дизајнирањето на методологијата за обука и прирачникот за обука и ќе им помагаат на клучните експерти во реализацијата на обуката и комуникација на проектните активности.

Поконкретно, од нив се очекува да

- учествуваат на обука за *обука на обучувачите;*
- помагаат при подготовка на материјалите за обука;
- помагаат на Тим-лидерот и Експертот за обука во спроведување на обуките во сите 8 региони на Северна Македонија;
- ги поддржат сесиите за соработка и практичната обука;
- спроведување на стручна поддршка на обучуваните;
- учествуваат и помагаат во работните групи за идентификацијата на содржината и методологијата за прирачникот за обука и придонесуваат за нивната документирање и анализа.

Покрај ова, тие ќе:

- придонесат за развој на извештаи кои може да бидат потребни
- спроведат други релевантни активности кој што може да биде побарани од тим лидерот  и експертот за обука во согласност со нивните обрврски
- одржува соодветна евиденција за активностите како што се бара од тим лидерот и експертот за обука во согласност со нивните обрврски

**Квалификации**

Локалните експерти треба да го имаат следново:

- најмалку високо образование, по можност од областа на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст или слична област, како што се психологија, педагогија, дефектологија итн;
- магистерски студии или докторат во соодветна област ќе се смета за предност;
- најмалку 5 години искуство во образование, обука и поддршка на образовен кадар на теми како што се Инклузија, Средина за учење или слично;
- обука/настава за професионалци за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст ќе се смета како предност;
- професионално искуство поврзано со македонскиот образовен систем и/или особено згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст;
- познавање на македонски и англиски јазик.

**Компетенции**

Локалните експерти треба да го демонстрираат следново:

- искуство на теми поврзани со инклузија и средина за учење во предучилишното образование;
- искуство во обука и поддршка на наставници од предучилишно образование или од основните училишта;
- искуство во работа со деца од ранливи групи и/или попречености и потешкотии во учењето;
- искуство во подготовка на прирачници/ програми;
- демонстрирани интерперсонални вештини за поддржување на обука, одлични комуникациски вештини;
- проактивен и флексибилен пристап кон работата;
- капацитетот за дисеминација на знаењата и вештините стекнати преку обуките по завршувањето на проектот или на нови целни групи (на пр. студенти на педагошки високообразовни институции) ќе се смета за предност.